КОВИД-19 ВО МАКЕДОНИЈА

ЕДНА ГОДИНА ПАНДЕМИЈА

365

МЦМС

КОВИД-19 ВО МАКЕДОНИЈА, ЕДНА ГОДИНА ПАНДЕМИЈА

На 26 февруари 2020 година[1] беше регистриран првиот случај на заразен од Ковид-19 Вкупниот број заразени за една година достигна 101,214 лица.

Оваа објава е потсетување за развојот на болеста Ковид-19 и потенцијалот за вакцинирање на населението, кога државата ќе го почне процесот на имунизација.

Светската здравствена организација (СЗО), на 11 март 2020 година прогласи пандемија на новиот коронавирус, Ковид-19. Причината за ова беше распространетоста на вирусот на повеќе континенти како и фактот дека станува збор за нов вид вирус. На овој начин, СЗО порача колку е сериозна ситуацијата ставајќи на знаење дека секоја земја мора да се подготвува за справување со оваа криза.

Бројот на новозаразени полека растеше. На пример, за два месеци, од 26 февруари до 26 април, вкупниот број на инфицирани стигна до 1.386, а бројот на починати до 61. Во тој период, во државата беше прогласена вонредна состојба, две општини беа ставени во карантин, а лицата кои ги напуштаа границите на земјата мораа да потпишат лична изјава со која се обврзуваат дека во наредните три месеци нема да се вратат назад во земјата. Државата си ги пребројa државјаните заглавени надвор од границите и им овозможи враќање дома преку копнен или воздушен пат. Мерките на претпазливост подразбираа забрана на движење кои во различни периоди се движеа од 9 до 85 часа.

Како што може да се види и од графиконот 1, вкупниот број на заразени драстично се зголеми во текот на летните месеци кога рестрикциите за движење беа намалени. Бројот на заразени во месеците јуни-септември се зголеми четирикратно споредено со месеците кога се појави заразата. Најголем број на заразени беа регистрирани во текот на месец ноември, кога бројката достигна 30.306 За споредба, ако бројот на заразени во првите два месеци се искачил на 1.389, на 10 ноември, само во еден ден биле регистрирани 1.321 новозаразен.

[1] https://www.slobodnaevropa.mk/a/30456345.html

График 1. Број на заразени, месечно (до 25 февруари 2021)



Извор: Министерство за здравство, обработка: МЦМС

График 2. Број на излекувани, месечно (до 25 февруари 2021)



Бројот на излекувани, во текот на годината стигна до 90.685. Иако во последните месеци од 2020 година речиси сите здравствени капацитети беа исполнети, вклучително и оние кои беа пренаменети за пациенти болни од Ковид-19, сепак, најголем број од излекуваните болеста ја помина во домашни услови. На Графиконот 2 може да се следи бројот на излекувани во првата година од Ковид-19.

За жал, бројката на оние кои не ја победија болеста исто така беше висока. Од 22 март 2020 година кога беше регистриран првиот смртен случај како последица од Ковид-19, па до 25 февруари 2021 година, 3.111 граѓани на Северна Македонија починаа од последици предизвикани од Ковид-19. Месеците ноември и декември 2020 година беа најкритични и однесоа 1509 животи. Апелите на здравствените власти до граѓаните беа да се јавуваат порано кај нивните лекари за да може да се превенира кобен крај на пациентите. Она што е за забележување, во овие месеци на зголемен број на заразени и починати, изостанаа ригорозните мерки за забрана на движење кои беа применувани на почетокот на кризата. Здравствените власти апелираа на носење маска, држење дистанца и често миење и дезинфицирање на рацете.

График 3. Број на починати, месечно (до 25 февруари 2021)



Извор: Министерство за здравство, обработка: МЦМС

График 4. Кумулативен број на починати (до 25 февруари 2021)



Извор: Министерство за здравство, обработка: МЦМС

Аналогно на овие бројки, податоците од ДЗС покажаа дека пандемијата Ковид-19 имаше влијание врз природниот прираст на населението (разлика помеѓу родени и починати), како што е прикажано на Графиконот 5. Така на пример, во периодот пред пандемијата, за време на летните месеци во текот на 2019, природниот прираст бил позитивен, додека неофицијалните податоци на Државниот завод за статистика кои се однесуваат на истиот период во 2020 година покажуваат негативен природен прираст. Негативниот прираст е особено видлив во ноември 2020 кога бројот на заразени (30.306) и починати од Ковид-19 (769) е најголем.

График 5. Природен прираст на населението



Извор: Државен завод за статистика (податоците не се финални)

Имајќи ги предвид податоците од Министерство за здравство за вкупниот бројграѓани кои биле заразени со коронавирус во текот на првата година (98,103 лица), можеме да констатираме дека станува збор за околу 5% од вкупното население во државата. Со ваква динамика на инфицирање и оздравување, без вакцинирање на населението, би било потребно повеќе од 10 години да се достигне колективен имунитет за кој експертите проценуваат дека е потребно барем 70% од населението за да стекнат имунитет. Ова само ја потенцира важноста на масовната вакцинација која треба да започне што побрзо.

Првите вакцини државата ги доби како донација од соседна Србија на 14 февруари 2021 година кога беа донирани 4,680 дози, доволни за вакцинирање на 2,340 лица (2 дози). Со нив, започна вакцинирањето на Здравствениот персонал кој е најизложен во битката против Ковид-19.

Вакцините и нивната набавка се најжешката тема во последните два-три месеци. Ако ги земеме во предвид изјавите на претставниците на Министерството за здравство дадени во медиумите, дека се очекуваат 833.000 дози на вакцини од Ковакс системот[2], 200.000 дози од кинескиот производител Синофарм и 100.000 вакцини од руската вакцина Спутник[3], би се дошло до

[2] https://www.mkd.mk/makedonija/obrazovanie-i-zdravstvo/makedonija-planira-da-vakcinira-14-milion-gragjani-od-potrebnite

[3] https://p.dw.com/p/3piwO

вкупен број од 1.133.000 дози или околу 560.000 вакцинирани граѓани од овие три вакцини во следниот период.

На график 6 е прикажано сценарио според кое 616,000 граѓани би добиле две дози од некоја од вакцините до крајот на 2021 година. Во ваков случај, 31% од населението би било вакцинирано. Ова е се уште далеку од целта, односно 70% од населението за стекнување колективен имунитет. Во ова сценарио исто така е додаден процентот на вкупно заразени од почетокот на пандемијата до крајот на 2021, за кого се очекува да достигне околу 200,000 лица или 10% од населението кои би се стекнале со имунитет на коронавирусот без вакцина.

График 6. Проценка на вакцинација во текот на 2021 година



Извор: Министерство за здравство, обработка: МЦМС

Ова не води до прашањето за капацитетите на здравствените власти за спроведување на имунизацијата. На Мапа 1 се прикажани сите 36 локации, односно пунктови за вакцинација. Во Скопје засега се предвидени три пунктови за вакцинација и тоа во поликлиниките Чаир, Букурешт и Јане Сандански). На мапа 2 се прикажани локациите на овие поликлиники и површината под црвено прикажува оддалеченоста на секој пункт со 5 минути возење со кола и проценето население. Засега на порталот за регистрација за вакцинација, не се предвидени пунктови во останатите општини од Скопскиот регион.

Мапа 1. Пунктови за вакцинација (36 локации)



Извор: Министерство за здравство, обработка: МЦМС

Мапа 2. Пунктови за вакцинација (Скопски регион)



Извор: Министерство за здравство, обработка: МЦМС

Заради подобро администрирање на вакцините и побрз процес на вакцинација, добро е да се разгледа можноста за отворање повеќе пунктови во густо населените делови од градот и околината.

МЦМС, преку дел од програмите што ги спроведува направи пренамена на дел од фондовите и ги додели во вид на грантови на организациите за активности поврзани со намалување на последиците од Ковид-19. Благодарени на тие пренамени, големи количини хуманитарна помош беа дистрибуирани, а дел од организациите дадоа поддршка за полесно одвивање на образовниот процес, за заштита на менталното здравје и полесно прилагодување на новите дигитални алатки неопходни за одвивање на работата во „новото нормално.“ Покрај тоа, преку Цивика мобилитас и нејзините грантисти изрази подготвеност да им помогне на институциите во справување со кризата.